2022

Република Северна Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

# НЕПРОФИТНИ ОРГАНИЗАЦИИ- ДАНОЧЕН ТРЕТМАН СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ДАНОК НА ДОБИВКА

Подготвува и издава: Управа за јавни приходи
бул.„Кузман Јосифовски-Питу” бр.1,
1000 Скопје
www.ujp.gov.mk
info@ujp.gov.mk

Дата на издавање: 03.01.2022 година

Уредници: Елена Митриновска - Сектор за услуги на даночни обврзници и даноци

Дизајн и припрема: Драгица Николоска - Сектор за поддршка на директорот и односи со јавност

Наслов: Непрофитни организации - даночен третман согласно законот за данокот на добивка

ISBN: 978-608-4866-37-4
Бр: 08-56/1
http://www.ujp.gov.mk/mk/publikacii/pogledni/75

**2022 © Управа за јавни приходи**
*Материјалот е наменет за некомерцијални цели на Управата за јавни приходи. Копирање, умножување и употреба на материјалот за комерцијални цели не е дозволено. При користење на податоци од публикациите на Управата за јавни приходи потребно е да се цитира изворот.*

## СОДРЖИНА

ВОВЕД ....................................................................................................................................2

ЗАКОНСКА РАМКА ..........................................................................................................................3

ОДАНОЧУВАЊЕ НА НЕПРОФИТНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ СО ДАНОК НА ВКУПЕН ПРИХОД СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ДАНОК НА ДОБИВКА ..............................................5

НАЧИН НА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ДАНОКОТ ЗА НЕПРОФИТНИ ОРГАНИЗАЦИИ...8

ПРИХОДИ ОД ВРШЕЊЕ НА СТОПАНСКА ДЕЈНОСТ .........................................................10

ПЛАЌАЊЕ НА ДАНОКОТ НА ВКУПЕН ПРИХОД ЗА НЕПРОФИТНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ .......................................................................................................................11

ЗАДРЖАН ДАНОК (WITHHOLDING TAX) ЗА НЕПРОФИТНИ ОРГАНИЗАЦИИ ........12

НАЈЧЕСТО ПОСТАВУВАНИ ПРАШАЊА ...............................................................................15

## ВОВЕД

Оваа брошура треба да ви помогне и да ве упати како правилно да ги примените одредбите на Законот за данок на добивка, со цел правилно пријавување и плаќање на данокот на вкупен приход за непрофитните организации кои остваруваат приходи од вршење на стопанска дејност, како и начинот и постапката на задржување на данокот на приходи кои се исплатени на странски правни лица.

Преку брошурата ќе дознаете:

- Кој не е даночен обврзник за оданочување со данок на вкупен приход
- Кој е даночен обврзник за оданочување со данок на вкупен приход
- Кој образец треба да го поднесете
- Во кој рок се доставува образецот ДБ-НП/ВП
- Кога и како да го платите данокот
- Како се пополнува образецот ДБ-НП/ВП
- Оданочување со задржан данок
- Одговори на најчесто поставувани прашања

## ЗАКОНСКА РАМКА

Непрофитните организации во Република Северна Македонија работат согласнопрописите на:

- **Закон на здруженија и фондации** („Службен весник на Република Македонија", бр. 52/10,135/11 и 55/16);
  Закон за здруженија и фондации (во натамошниот текст: ЗЗФ) се уредуваат начинот, условите и постапката за основање,регистрација и престанок на здруженијата, фондациите, сојузите, организационите облици на странските организации во Република Северна Македонија, имотот со кој располагаат, надзорот, статусните промени и статусот на организациите од јавен интерес.
  **Напомена**: Одредбите од ЗЗФ не се однесуваат на политичките партии, црквите, верските заедници и религиозните групи, синдикатите, коморите и други видови на здружување уредени со посебни закони;
- **Закон за сметководство за непрофитни организации** („Службен весник на Република Македонија" бр. 24/03...154/15).
  Со овој закон се уредува водењето на сметководството, деловните книги, сметководствените документи и обработката на податоците, признавањето на приходите и расходите, проценувањето на билансните позиции, ревалоризацијата, финансиските извештаи, доставувањето на финансиските извештаи и други прашања во врска со сметководството на стопанската интересна заедница, здруженија на граѓани и фондации, други облици на здружување, политичките партии, верските заедници, религиозните групи и други, Црвениот крст на Република Северна Македонија, здруженија на странци, странски и меѓународни невладини организации, хуманитарни организации и здруженија, синдикатите и други правни лица основани со посебни прописи од кои произлегува дека се непрофитни организации, доколку поинаку не е регулирано со друг пропис (во натамошниот текст: непрофитни организации);
- **Правилник за сметководство за непрофитни организации** („Службен весник на Република Македонија", бр.42/03...175/11).
  Со овој Правилник се пропишува водењето на сметководството, деловните книги, сметководствените документи и обработката на податоците, организацијата на сметководството, признавањето на приходите и расходите, проценувањето на билансните позиции, ревалоризацијата и пописот на непрофитните организации определени од Законот за сметководство за непрофитни организации;

- **Правилник за содржината на одделни сметки во сметковниот план на непрофитните организации** („Службен весник на Република Македонија“, бр.117/05).
  Со овој правилник е пропишана содржината на одделните сметки во сметковниот план на непрофитните организации.

# ОДАНОЧУВАЊЕ НА НЕПРОФИТНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ СО ДАНОК НА ВКУПЕН ПРИХОД СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ДАНОК НА ДОБИВКА

## Кој не е даночен обврзник

Согласно одредбите на Законот за данок на добивка (ЗДД) објавен во „Службен весник на РМ", бр.112/14...248/18 и „Службен весник на РСМ", бр.275/19, 290/20 и и 151/21, здруженија на граѓани и фондации како и нивните сојузи и други облици на здружување или поврзување, стопанската интересна заедница, политичките партии, верските заедници, религиозните групи, Црвениот крст на Република Северна Македонија, здруженија на странци, странски и меѓународни невладини организации, хуманитарни организации и здруженија, синдикатите, коморите и други правни лица основани со посебни прописи од кои произлегува дека се непрофитни организации, **не се обврзници за данок на добивка** доколку остваруваат приходи од:

- членарини,
- доброволни прилози,
- донации,
- грантови,
- подароци (во пари, добра, имотни права),
- завештанија,
- легати,
- приходи од дивиденди од трговските друштва основани со средства на здружението и
- приходи од Буџетот на Републиката, буџетите на единиците на локалната самоуправа и Буџетот на град Скопје врз основа на претходно изготвени програми (проекти) одобрени од Владата на Република Северна Македонија, односно надлежните министерства, советите на единиците на локалната самоуправа и Советот на град Скопје.[1]

## Кој е даночен обврзник

Здруженија на граѓани и фондации како и нивните сојузи и други облици на здружување или поврзување, стопанската интересна заедница, политичките партии, верските заедници, религиозните групи, Црвениот крст на Република Северна Македонија, здруженија на странци, странски и меѓународни невладини организации, хуманитарни организации и здруженија, синдикатите, коморите и други правни лица основани со посебни прописи од кои произлегува дека

1) Член 4-а ставови 1 и 2 од ЗДД

се непрофитни организации коишто остваруваат приходи од вршење стопанска дејност во рамките на нивното непрофитно делување, заради избегнување нелојална конкуренција со субјектите на кои добивката остварена од вршење стопанска дејност им се оданочува, стануваат обврзници за пресметување и плаќање данок на вкупен приход, доколку вкупниот годишен приход од стопанската дејност е поголем од 1.000.000 денари.[2]

## Даночна стапка

Данокот на вкупен приход за непрофитните организации се пресметува и плаќа во висина од 1% од износот на остварените вкупни приходи од стопанска дејност во календарската година на износот кој надминува 1.000.000 денари.[3]

## Образец за оданочување со данок на вкупен приход за непрофитните организации

Непрофитните организации кои подлежат на оданочување, должни се утврдувањето на данокот на вкупен приход да го вршат на образец „ДБ-НП/ВП“- Даночен биланс на непрофитни организации.[4]

## Рок за доставување на даночен биланс за непрофитни организации

Образецот „ДБ-НП/ВП“ - Даночен биланс на непрофитни организации се доставува до Управата за јавни приходи или во електронска форма преку http://etax.ujp.gov.mk во рокот пропишан за поднесување на годишната сметка согласно Законот за сметководство за непрофитни организации најдоцна до 28/29 февруари наредната година по годината за која се однесува оданочувањето или во рок од 60 дена од денот на настанувањето на статусна промена.[5]

**Напомена**: Непрофитните обврзниците кои имаат остварено приход од вршење на стопанска дејност помал од 1.000.000 денари немаат обврска до Управата за јавни приходи да достават образец „ДБ-НП/ВП“ - Даночен биланс на непрофитни организации.[6]

2) Член 4-а став 3) од ЗДД
3) Член 4-а став 4) од ЗДД
4) Образецот може да се преземе преку веб страницата на УЈП http://ujp.gov.mk/mk/obrasci/opis/203
5) Член 39 став 4 од ЗДД
6) Види најчесто поставувани прашања на страна 15

## Рок за плаќање на данокот на вкупен приход

Плаќањето на данокот на вкупен приход се врши најдоцна во рок од 30 дена по рокот за доставување на образецот „ДБ-НП/ВП“ - Даночен биланс на непрофитни организации.

**Напомена**: Непрофитните организации кои се обврзници за данок на добивка, немаат обврска за плаќање на месечни аконтации.

## НАЧИН НА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ДАНОКОТ ЗА НЕПРОФИТНИ ОРГАНИЗАЦИИ

Основа за пресметување и плаќање на данок на вкупен приход за непрофитните организации претставува вкупниот годишен приход од вршење на стопанска дејност кој надминува 1.000.000 денари.
Во продолжение е прикажан пример за тоа како едно здружение на граѓани ќе треба да пресмета и плати данок на добивка за 2020 година.

### Практичен пример

Здружение на граѓани „Био-храна", кое се финансира од донации и членарина, остварува и приходи од продажба на книги за био-органска храна, како и приходи од дадени услуги. На крајот на годината односно во 2020 година, здружението ги остварува следните приходи прикажани во **Табела 1**.

| Назив | Сметка | Износ | АОП од Биланс на приходите и расходите |
|---|---|---|---|
| Приходи од продажбата на производи и стоки | 710 | 750.000 | 241 |
| Приходи од услуги | 715 | 750.000 | 242 |
| Приходи од чланарини, подароци, | 730 | 500.000 | 244 |
| Сопствени приходи, | 750 | 900.000 | 246 |
| Вкупно приходи во 2020 година | | **2.900.00** | |

Во структурата на вкупните приходи, видно е дека здружението остварува приходи коишто се од вршење на стопанска дејност, но и приходи коишто не подлежат на оданочување согласно член 4-а од ЗДД.
Остварените вкупни приходи од стопанска дејност односно:

- Приходи од продажбата на производи и стоки во износ од 750.000 денари,
- Приходи од услуги во износ од 750.000 денари и
- Сопствени приходи во износ од 900.000 денари,

ќе се оданочат со 1% на вкупниот приход кој надминува износ од 1.000.000 денари.

Приходите од членарина, подароци во износ од 500.000 денари не подлежат на оданочување со данок на добивка.
Во овој пример, од вкупно остварените приходи на здружението во износ од

2.900.000 денари, на оданочување со данок на добивка ќе подлежат само приходите од стопанска дејност во износ од 2.400.000 денари, но само за износот кој го надминува износот од 1.000.000 денари.
Тоа значи дека здружението на износот од 1.400.000 денари односно на вкупните приходи од стопанска дејност по намалување (2.400.000 – 1.000.000) ќе се примени стапката од 1%. Оттука, здружението ќе има обврска да плати данок на добивка во износ од 14.000 денари (1.400.000*1%).

## Пример за пополнување на образец ДБ-НП/ВП

Во продолжение е пополнет образец „ДБ-НП/ВП" според горенаведениот пример кој обврзникот треба да го достави до Управата за јавни приходи.

Република Северна Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

**ДАНОЧЕН БИЛАНС**
**на непрофитни организации**

**ДБ-НП/ВП**

** Пополнува Управа за јавни приходи*

| | |
|---|---|
| Единствен даночен број | 123456789 |
| Скратен назив и адреса на вистинско седиште за контакт | |
| Телефон | |
| е-пошта | |

| | |
|---|---|
| Датум и број на прием | |

Даночен период

| | | | |
|---|---|---|---|
| од | 01/01/2020 | до | 31/12/2020 |
| Рок за поднесување | 28.02.2021 | | |
| Исправка на ДБ-НП/ВП | | Број | |

**ПОДАТОЦИ ЗА ДЕЈНОСТА**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Опис на дејност | Шифра НАЦЕ | | Назив НАЦЕ | |
| Организационен облик | Шифра | | Назив на организационен облик | |

**А. УТВРДУВАЊЕ НА ГОДИШЕН ДАНОК НА ВКУПЕН ПРИХОД НА НЕПРОФИТНИ ОРГАНИЗАЦИИ**

*"без дени"*

| | | АОП | |
|---|---|---|---|
| I. | **ПРИХОДИ ОД ВРШЕЊЕ НА СТОПАНСКА ДЕЈНОСТ** | | |
| 1. | Приходи од продажба на производи и стоки | 01 | 750.000 |
| 2. | Приходи од услуги | 02 | 750.000 |
| 3. | Приходи од кирии и закупнини | 03 | |
| 4. | Сопствени приходи | 04 | 900.000 |
| II. | **ВКУПНИ ПРИХОДИ ОД ВРШЕЊЕ НА СТОПАНСКА ДЕЈНОСТ (збир од АОП 01 до 04)** | 05 | 2.400.000 |
| III. | **НАМАЛУВАЊЕ НА ПРИХОДОТ ЗА 1.000.000 денари (член 4-а од Законот за данокот на добивка)** | 06 | 1.000.000 |
| IV. | **ВКУПНИ ПРИХОДИ ПО НАМАЛУВАЊЕ (реден број II - III)** | 07 | 1.400.000 |
| V. | **ГОДИШЕН ДАНОК НА ВКУПЕН ПРИХОД (IV* 1%)** | 08 | 14.000 |

**ПОДАТОЦИ ЗА СОСТАВУВАЧОТ**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Назив / Име и презиме | xxxxx | | |
| ЕДБ / ЕМБГ | xxxx | Датум на пополнување | |
| Својство | | Потпис | |

**ПОДАТОЦИ ЗА ПОТПИСНИКОТ**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име и презиме | | | |
| ЕМБГ | | Датум на пополнување | |
| Својство | | Потпис | |

** Пополнува Управа за јавни приходи*

| | |
|---|---|
| Податоци за обработката | |

1/2

## ПРИХОДИ ОД ВРШЕЊЕ НА СТОПАНСКА ДЕЈНОСТ

### Приходи од продажба на производи и стоки

Приходи од продажба на производи и стоки - се евидентираат приходите остварени од продажба на разни видови производи и стоки.
Се внесува податок од АОП 241 од Биланс на приходите и расходите.

### Приходи од услуги

Приходи од услуги - се евидентираат приходите од услуги направени на купувачите и другите должници по разни основи.
Се внесува податок од АОП 242 од Биланс на приходите и расходите.

### Приходи од кирии и закупнини

Приходи од кирии и закупнини - се евидентираат приходите од кириите и закупнините остварени од издадените подвижни и неподвижни предмети на користење во закуп и слично.
Се внесува податок од АОП 245 од Биланс на приходите и расходите.

### Сопствени приходи

Сопствени приходи - се евидентираат сопствените приходите кои се по основ на издавачка дејност, приходи од карти, билети, влезници, приходи од сервисни и други услуги.
Се внесува податок од АОП 246 од Биланс на приходите и расходите.

## ПЛАЌАЊЕ НА ДАНОКОТ НА ВКУПЕН ПРИХОД ЗА НЕПРОФИТНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Данокот на вкупен приход за непрофитни организации се уплатува на следните сметки:

| Основ за плаќање | Основ за плаќање | Уплатна сметка | Приходна шифра |
|---|---|---|---|
| Данок на вкупен приход на непрофитни организации | НБРСМ<br>Трезорска сметка<br>100 000 000 063 095 | 840-ознака на општина-01674 | 711232 |

## ЗАДРЖАН ДАНОК (withholding tax) ЗА НЕПРОФИТНИ ОРГАНИЗАЦИИ

Доколку непрофитните организации во текот на годината имаат исплати кон странски правни лица за извршени одредени услуги кои согласно одредбите на ЗДД подлежат на оданочување,[7] во тој случај непрофитните организации имаат обврска да пресметаат, задржат и платат задржан данок.
Задржувањето на данокот се врши на приходите кои се исплатени во Република Македонија или во странство на странските правни лица, а коишто не се остварени во рамките на деловниот потфат на постојана деловна единица на странското лице на територија на Република Северна Македонија, под услов поинаку
да не е определено со Меѓународните договори за одбегнување на двојното оданочување.[8]

**Задржувањето на данокот го вршат**:
- домашните правни лица;
- домашните физички лица регистрирани за вршење на дејност и
- странско правно лице или физичко лице-нерезидент со постојана деловна единица во Република Северна Македонија

**Приходи кои подлежат на задржан данок се**:[9]
- приход од дивиденди;
- приход од камата од резидент;
- приход од камата од нерезидент којшто има постојана деловна единица во Република Северна Македонија ако каматата е на трошок на постојаната деловна единица;
- приход од авторски хонорар исплатен од резидент;
- приход од авторски хонорар исплатен од нерезидент со постојана деловна единица во Република Северна Македонија ако авторскиот хонорар е на трошок на постојаната деловна единица;
- приход од забавни или спортски активности коишто се вршат во Република Северна Македонија;
- приход од вршење на менаџмент, консалтинг, финансиски услуги и услуги на истражување и развој ако приходот е исплатен од резидент или е на трошок
- на постојаната деловна единица во Република Северна Македонија;

7) глава IV. Задржување на данок на приход платен на странски правни лица (член 20 до 24) од ЗДД, глава V. Задржување на данок на приход платен на странски правни лица (член 10 до 12) од Правилникот за начинот за пресметување и уплатување на данокот на добивка и спречување на двојно ослободување и двојно оданочување (во понатамошниот текст ПДД) „Сл.весник на РМ" број 174/14...31/17 и „Сл.весник на РСМ" бр.6/20.

8) Договорите за одбегнување на двојно оданочување се објавени на веб страницата на УЈП http://www.ujp.gov.mk/mk/regulativa/pregled

9) Член 11 од ПДД (дефиници за секој вид на приход)

- приход од осигурителни премии за осигурување или реосигурување од ризици во Република Северна Македонија;
- приход од телекомуникациски услуги помеѓу Република Северна Македонија и странска држава и
- приход од закуп на недвижности во Република Северна Македонија.

Стапката на задржаниот данок на приходот кој го остварува странското правно лице изнесува 10%.

Доколку примателот на приходите, врз кој се применува задржување на данокот, е резидент на држава со која Република Северна Македонија има потпишано договор за
одбегнување на двојното оданочување во однос на даноците на доход и капитал, оданочувањето и применетата даночна стапка не смее да ја надмине даночната стапка која се применува за приходот одредена во Договорот.

Примената на даночната стапка од меѓународните договори се остварува на пропишани обрасци за олеснување или ослободување (образец ЗД-О/ДИ, ЗД-О/КА, ЗД-О/АП, ЗД-О/ДП).

Преземете ги барањата преку http://www.ujp.gov.mk/mk/obrasci

Доколку странско правно лице остварува приходи во РСМ за кои согласно меѓународниот договор за одбегнување на двојното оданочување се применува 0% даночна стапка, може наместо обрасците ЗД-О/ДИ, ЗД-О/КА, ЗД-О/АП, ЗД-О/ДП да поднесе пополнет образец ЗД-ДО со прилог Потврда за резидентност издадена од надлежен даночен орган во странство.

Пред исплата на приходите кои подлежат на обврската за задржување на данокот, барањето за олеснување односно ослободување за соодветниот вид на приход се доставува до надлежната Регионална дирекција на УЈП во три примероци целосно пополнети и заверени од надлежниот даночен орган на странската држава во делот за потврдување на резидентскиот статус на примателот на приходот.

Непрофитните организации, кои имаат обврска да вршат задржување на данокот, пред да извршат плаќање на странското правно лице потребно е од надлежната Регионална дирекција на Управата за јавни приходи да побараат даночен идентификационен број" за странското правно лице – примател на приходот.

Непрофитните организации, кои имаат обврска да вршат задржување на данокот, еднаш годишно доставуваат до Управата за јавни приходи Извештај за уплатениот данок по задршка на образецот ДД-И. Овој образец се доставува до 15 февруари во наредната година.

Доколку странското правно лице поднесе барање за враќање на данокот (образец ЗД-В/ДИ, ЗД-В/КА, ЗД-В/АП, ЗД-В/ДП) заради враќање на повеќе платен данок, во однос на данокот кој согласно одредбите од договорите за одбегнување на двојното оданочување требало да биде платен, УЈП ќе изврши враќање на повеќе платениот задржан данок.

Корисни информации: Задржување на данокот на приход платен на странски правни лица http://www.ujp.gov.mk/mk/publikacii/pogledni/42

## НАЈЧЕСТО ПОСТАВУВАНИ ПРАШАЊА

1. **Водиме непрофитна организација која остварува приходи од стопанска дејност кои не надминуваат износ од 1.000.000 денари. Дали треба да поднесеме ДБ-НП/ВП или не?**
   **Одговор**: Како непрофитна организација која не остварува приходи од стопанска дејност над 1.000.000 денари во календарската година, немате обврска да доставите образец ДБ-НП/ВП
2. **Доколку непрофитната организација не остварува приходи од стопанска дејност, дали има обврска за поднесување на некој образец во УЈП во однос на данок на добивка?**
   **Со последните даночни измени знаеме дека непрофитни организации кои остваруваат приходи од стопанска дејност над 1.000.000 денари имаат обврска да поднесат образец ДБ-НП/ВП, меѓутоа дали тие што воопшто не остваруваат приходи од стопанска дејнсот имаат обврска за поднесување на некој друг образец?**
   **Одговор**: Како непрофитна организација која не остварува приходи од стопанска дејност немате обврска да доставите образец ДБ-НП/ВП.

**Контакт центар**
ул. „11 Октомври" бр. 27,
1000 Скопје
тел. 0800 33 000; 02/3253 200

**Генерална дирекција Скопје**
бул. „Кузман Јосифовски – Питу" бр.1
(Комплекс банки), 1000 Скопје
тел. 02/3299 500; факс 02/3281 010

**Дирекција за големи даночни обврзници**
ул. „12-та Ударна бригада" бр. 2-а,
1000 Скопје
тел. 02/3251 600; факс 02/3251 610

**Регионална дирекција Скопје**
ул. „11 Октомври" бр. 27,1000 Скопје
тел. 02/3163 411; факс 02/3213 938

**Регионална дирекција Битола**
ул. „Мирче Ацев" бр.3, 7000 Битола,
тел. 047/235 504; факс 047/235 501

**Регионална дирекција Прилеп**
ул. „Прилепски бранители" бр.6, 7500 Прилеп
тел. 048/416 284

**Регионална дирекција Тетово**
ул. „Дервиш Цара" бр. 56, 1200 Тетово
тел/факс 044/335 515

**Регионална дирекција Штип**
ул. „Плоштад Слобода" 66, 2000 Штип
тел. 032/397 818; факс 032/392 050

**Регионална дирекција Струмица**
ул. „Светозар Марковиќ" бр.1, 2400 Струмица
тел/факс 034/343 057

www.ujp.gov.mk

info@ujp.gov.mk

kontaktcentar.ujp.gov.mk

etax.ujp.gov.mk

e-pdd.ujp.gov.mk

e-aukcii.ujp.gov.mk

ISBN: 978-608-4866-37-4